РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 26.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4299/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бране Петрушевски
Александар [illegible]
Никола [illegible]
Игор Здравковски

Предлагачи:Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување има за цел унапредување, прецизирање и усогласување на постојната правна рамка во областа на заштитата и спасувањето, со цел зголемување на ефикасноста на системот, зајакнување на превенцијата и подобрување на навременото и координирано постапување при појава на ризици, несреќи и катастрофи.

Со постојните одредби од Законот предвидено е во Дирекцијата за заштита и спасување да се формира Центар за оспособување и обука кој реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на силите за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето. Досегашната примена во овој дел се спроведува исклучиво преку Центарот за оспособување и обука, што не овозможува доволна флексибилност и целосно искористување на расположливите стручни, технички и образовни капацитети во државата. Истовремено, современите ризици и закани, климатските промени, сè почестата појава на рурални, урбани и индустриски пожари, како и сложените техничко-технолошки несреќи, заедно со потребата од континуирано јакнење на подготвеноста на институциите, правните лица и населението, наметнуваат потреба од значително проширување на обемот и достапноста на обуките од областа на заштитата и спасувањето.

Токму од овие причини се воспоставува законска можност, покрај Центарот за оспособување и обука, обуки од областа на заштитата и спасувањето да можат да спроведуваат и правни лица кои претходно ќе добијат овластување од Дирекцијата за заштита и спасување и ќе ги исполнуваат пропишаните услови во однос на простор, опрема, стручен кадар и програми за обука.

Со предложените измени се врши појаснување и прецизирање на клучни поими, при што се воведува нова дефиниција за „непосредна опасност“.

Со опфаќање и на чувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства во законот, се отстранува законската празнина во однос на заштитата од нив.

Во делот на инспекцискиот надзор се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор, со цел обезбедување единствена примена на инспекциските правила, јасно дефинирање на организацијата, надлежностите и постапувањето на инспекторите, како и зајакнување на правната сигурност во нивното работење.

Предлог-законот детално ги уредува овластувањата на инспекторите во случаи на утврдена непосредна опасност, при што се воспоставува јасна правна основа за изрекување на мерка забрана за користење на објект или дел од објект и негово запечатување. Истовремено, се прецизираат условите под кои може да се изрече привремена забрана за вршење дејност, во случаи кога постојат сериозни неправилности кои не претставуваат непосредна опасност, но можат да доведат до ризици по безбедноста.

Во делот на прекршочните одредби се усогласува текстот на законот со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) во кој согласно член 49 став 1 од, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд.Согласно став 2 од истиот член, за одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно

лице и службено лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган и овластено службено лице. Во член 155-а став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување, пропишано е дека за прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154 и 155 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Дирекцијата како Прекршочен орган и во став 2 од истиот член, пропишано е дека прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниоттекст: Прекршочна комисија) формирана од страна на директорот на Дирекцијата.Тргнувајќи од горенаведеното, во Законот за заштита и спасување, за прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154 и 155, за сите субјекти, и за физички лица, и за одговорно лице во правно лице и службено лице, како и за правни лица, глобата која е пропишана го надминува законскиот максимум пропишан во Законот за прекршоците во рамките на кој Прекршочната комисија на Дирекцијата за заштита и спасување смее да постапува, односно да води прекршочна постапка и да изрекува прекршочни санкции, односно за истите постапува исклучиво надлежен суд.

Имено, во член 132 став 1 од Законот за прекршоците е пропишана е обврска за усогласување на другите закони во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Тргнувајќи од тоа дека во изминатите години, особено во летните месеци кога ризикот од пожари е зголемен, постојните капацитети на силите за заштита и спасување не секогаш се доволни за навремено и ефикасно справување со сите интервенци. Дополнително прогласувањето на кризна состојба доведува до потреба од значително зголемување на човечки ресурси. Ова создава потреба од воспоставување флексибилен механизам за привремено вклучување на оспособени и искусни лица кои можат да придонесат во превенцијата и гаснењето на пожари.

Со овие измени и дополнувања се подобрува системот за заштита и спасување, зголемена ефикасност на инспекциските служби, подобра превенција на ризици, како и повисоко ниво на заштита на животот и здравјето на граѓаните, имотот, културното наследство и животната средина.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со прдложените измени и дополнувања се надополнува системот за заштита и спасување преку зголемување на неговата ефикасност, навремено и координирано постапување при пожари и кризни состојби предизвикани од пожари.

Со предлог законот се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор и со Законот за прекршоците со што се овозможува конзистентност на правниот систем во државата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализирање на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на законот не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, се предлага Собранието по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заштита и спасување ( „Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 85/2009, 114/2009, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 и 124/25), во член 2 став 1 по точката 9 се додава нова точка 9-а, која гласи:

„9-а.„Непосредна опасност“ е појава, процес или состојба во која, врз основа на расположливите информации и извршените процени, постои реална и конкретна веројатност во краток временски период да настане штетен настан што може да ги загрози животот и здравјето на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина;. “.

Член 2

Членот 29 се менува и гласи:

(1) Во Дирекцијата се формира Центар за оспособување и обука.

(2) Центарот за оспособување и обука реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на припадниците на силите за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето.

(3) Обуките од ставот (2) на овој член, покрај Центарот за оспособување и обука, можат да ги реализираат и правни лица кои поседуваат овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување.

(4) Овластување за спроведување на обуки може да добие правно лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е регистрирано за вршење дејност од областа на обука, образование или стручно оспособување;

2. располага со простор за теоретска и практична обука;

3. располага со техничка и наставна опрема;

4. има обезбедено наставно-стручен кадар со квалификации и работно искуство;

5. располага со програма за обука и наставен план одобрен од Дирекцијата;

6. обезбедува услови за водење евиденција за реализираните обуки и издадените сертификати.

(5) Овластувањето се издава со важност од четири години со можност за продолжување.

(6) Правното лице може да поднесе барање за обновување на овластувањето со потребната документација најдоцна три месеци пред истекот на рокот од ставот (5) на овој член, при што мора да ги исполнува условите од ставот (4) на овој член.

(7) Постапката за издавање или обновување на овластувањето се поведува по барање поднесено до Дирекцијата.

(8) Кон барањето се приложуваат докази за исполнување на условите од ставот (4) на овој член.

(9) Директорот на Дирекцијата донесува решение за издавање, обновување или одбивање на овластувањето во рок од 30 дена од денот на поднесување на уредно барање.

(10) Овластувањето се издава или обновува ако се исполнети условите утврдени со овој член.

(11) Барањето се одбива ако не се исполнети условите утврдени со овој член.

(12) Директорот на Дирекцијата со решение ќе го одземе овластувањето ако се утврди дека правното лице:

1. престанало да исполнува некој од условите од ставот (4) на овој член;
2. доставило неточни или невистинити податоци;
3. спроведува обуки спротивно на одобрените програми и наставни планови;
4. издава сертификати спротивно на овој закон;
5. не води пропишана евиденција; или
6. оневозможува вршење надзор.

(13) Надзор над работата на овластените правни лица врши Дирекцијата за заштита и спасување.

(14) Против решението за издавање, обновување, одбивање или одземање на овластувањето може да се поведе управен спор.

(15) Владата со уредба ја пропишува постапката за издавање, обновување и одземање на овластувањето, како и начинот на вршење надзор над работата на овластените правни лица.“.

Член 3

Во член 42 по ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„По исклучок, кога Дирекцијата ќе утврди постоење на потреба од дополнително ангажирање на сили за заштита и спасување, во силите за заштита и спасување, на доброволна основа, можат да учествуваат и работоспособни граѓани кои ги надминале старосните граници утврдени во ставот (1) на овој член, најмногу до навршени 64 години за мажи и 62 години за жени, за што ја известува Владата.“.

Член 4

Во член 80 ставот 1 се менува и гласи:

„Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот, пронаоѓање и обележување на неексплодираните убојни средства, обезбедување на теренот, подигање, транспорт и чување до нивното онеспособување и уништување, како и спроведување на безбедносни мерки од нивното пронаоѓање до нивното уништување.“.

Во ставот 3 зборот „ уништувањето“ се заменува со зборовите: „ чувањето и уништувањето“.

Член 5

Во членот 96 во ставот 1 по зборовите: „територијалните професионални противпожарни единици“ се додаваат зборовите: „и привремено ангажираните лица со договор согласно закон.“.

Член 6

Во член 108 по ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Во акции кои бараат итна интервенција републичките сили за заштита и спасување се ангажираат со одлука на директорот на Дирекцијата."

Ставот 5 станува став 6.

Член 7

Во член 115-а во ставот 2 зборовите: „Генералниот инспектор овластените службени лица од областа на безбедноста и другите“ се заменуваат со зборот „ Другите“.

Член 8

Во членот 115-б ставовите 6, 7 и 8 се бришат.

Ставовите 9,10,11,12, 13,14,15 и 16 стануваат ставови 6, 7,8,9,10,11,12 и 13.

Во ставот 17 кој станува став 14 зборовите: „вработените службени лица од областа на безбедноста и воздухопловнио “ се заменуваат со зборот „воздухопловниот“.

Ставот 18 се брише.

Ставите 19, 20, и 21 стануваат ставови 15,16, и 17 .

Во ставот 22 кој станува став 18 зборовите: „овластените службени лица од областа на безбедноста,“ се бришат.

Во ставот 23 кој станува став 19 зборовите: „овластените службени лица од областа на безбедноста,“ се бришат.

Ставот 24 станува став 20.

Член 9

Членот 121 се менува и гласи:

(1) Обучувањето за заштита и спасување опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг и вежби за стекнување на потребни стручни знаења и вештини за извршување на задачите од областа на заштитата и спасувањето.

(2) Обуката, тренингот и вежбите на припадниците на силите за заштита и спасување се вршат врз основа на наставни планови и програми.

(3) Обуките од ставот (1) на овој член се спроведуваат во Центарот за обука формиран во Дирекцијата за заштита и спасување, како и од правни лица кои поседуваат овластување издадено согласно член 29 од овој закон.

(4) Наставните планови и програми за спроведување на обуките ги донесува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

(5) Правните лица од ставот (3) на овој член се должни обуките да ги спроведуваат согласно наставните планови и програми од ставот (4) на овој член.

(6) Правните лица од ставот (3) на овој член по завршување на секоја обука издаваат уверение во форма утврдена од директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

(7) Дирекцијата за заштита и спасување води регистар на издадени уверенија.

(8) Формата и содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (7) на овој член го пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

(9) За спроведените обуки правните лица од ставот (3) на овој член наплатуваат надоместок.

(10) Овластените правни лица се должни 5% од наплатениот надоместок од ставот (9) на овој член да ги уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Дирекцијата за заштита и спасување.“.

Член 10

Членот 122 се менува и гласи:

„(1) Обучувањето на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука или преку овластеното правно лице.

(2) Обучувањето на раководниот и командниот кадар на просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука или преку овластено правно лице, на товар на општината.

(3) Обучувањето на просторните сили за заштита и спасување во правните лица го организира и спроведува органот кој ги формира преку Центарот за обука или преку овластено правно лице.

(4) Специјализирана обука на просторните сили за заштита и спасување може да се спроведува во Центарот за обука или преку овластено правно лице, на товар на субјектот што ги формира.

(5) Трошоците за спроведување на обуките од страна на овластеното правно лице ги сноси нарачателот на обуката.".

Член 11

Членот 139-а се менува и гласи:

„Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Дирекцијата преку инспектори за заштита и спасување (во натамошниот текст: инспектори).

Инспекцискиот надзор од ставот 1 на овој член во рамките на Дирекцијата се врши во посебна организациона единица.

За основните начела, видовите и постапката на инспекцискиот надзор, организацијата, работата и раководењето, правата и обврските од работен однос на инспекторите, правата и обврските на учесниците во инспекцискиот надзор, како и за другите прашања од значење за инспекцискиот надзор, ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.".

Член 12

Членот 139-б се брише.

Член 13

Членот 139-в се брише.

Член 14

Членот 140 се менува и гласи:

„Инспекторот, кој го врши инспекцискиот надзор покрај општите услови утврдени со Законот за административни службеници треба да ги исполнува посебните услови утврдени со Законот за инспекциски надзор.".

Член 15

Членот 140-а се брише.

Член 16

Членот 140-б се брише.

Член 17

Членот 140-в се брише.

Член 18

Членот 140-г се брише.

Член 19

Членот 140-д се брише.

Член 20

Членот 141 се брише.

Член 21

Во членот 141-а ставот 1 се менува и гласи:

„Службеното својство на инспекторот се докажува со службена легитимација и значка кои ги издава директорот на Дирекцијата.“

Ставот 2 се менува и гласи:

„Формата и содржината на образецот на службената легитимација и формата и содржината значка, како и начинот на нивното издавање ги пропишува директорот на Дирекцијата.“.

Член 22

Членот 141-б се брише.

Член 23

Членот 141-в се менува и гласи:

„Заради вршење на инспекциски надзор, државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби,трговски друштва, здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации, граѓанинте, како и други правни и физички лица се должни да овозможат непречено вршење на надзорот од областа на заштитата и спасување.“

Член 24

Во членот 141-г зборот „решение“, се заменува со зборовите: „инспекциски акт“.

Член 25

Членот 141-д се менува и гласи:

„Ако инспекторот при вршење на инспекциски надзор утврди дека постои непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, особено поради:

1. уривање на објект или дел од објект;
2. настанување на пожар или експлозија;
3. оневозможена или отежната евакуација на лица и
4. оневозможена ефикасна интервенција на тимови,

со инспекциски акт ќе нареди забрана за користење на објектот или дел од објектот и ќе изврши негово запечатување.

Непосредната опасност од ставот 1 на овој член мора да биде утврдена и образложена во записникот за извршениот надзор.

По исклучок на ставот 1 на овој член доколку инспекторот при вршење на инспекциски надзор утврди повреди на одредбите кои се однесуваат на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, кои можат да доведат до опасности, но не претставуваат непосредна опасност од ставот 2 од овој член, инспекторот со инспекциски акт изрекува мерка привремена забрана за вршење дејност до отстранување на утврдените недостатоци, без запечатување на објектот.

Во случајот од ставот 3 на овој член, правното лицеможе да врши активности во објектот исклучиво заради отстранување на утврдените недостатоци.

Доколку правното лице постапува спротивно на ставот 4 наовој член, инспекторот гозапечатува објектот или дел од објектот или покренува постапка пред надлежен орган согласно закон.”.

Член 26

Членот 141-ѓ се менува и гласи:

„Запечатување на објект или дел од објект од членот 141-д став 1 од овој закон, се врши со жиг на инспекторот и лента со натпис „ЗАТВОРЕНО ОД ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ” и со составување на записник за извршеното запечатување.

Субјектот на инспекциски надзор не смее да го отстрани запечатувањето од ставот 1 на овој член пред времето определено од инспекторот.

Субјектот на инспекциски надзор по отстранувањето на причините поради кои е изречена мерката од ставот 1 на овој член, најдоцна во рок од три дена од истекот на рокот определен за извршување писмено и/ или по електронска пошта го известува инспекторот за постапување по мерката.

Инспекторот во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето од ставот 3 наовој член врши увид на самото место и ја утврдува фактичката состојба.

Доколку при увидот од ставот 4 на овој член инспекторот утврди дека причините поради кои е изречена мерката се отстранети, врши отпечатувањебез одлагање.

Доколку инспекторот не постапи во рокот од ставот 4 од овој член, се смета дека условите за отпечатување се исполнети.

Формата и содржината на жигот и лентата, како и начинот на запечатување ги пропишува директорот на Дирекцијата.“.

Член 27

Членот 141-е се брише.

Член 28

Членот 141-ж се брише.

Член 29

Членот 141-з се брише.

Член 30

Членот 141-ѕ се брише.

Член 31

Членот 142 се брише.

Член 32

Во членот 154-а ставот 2 се брише.

Член 33

Членот 155-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154, 154-а и 155 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.“.

Член 34

Членот 155-б се брише.

Член 35

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од пет месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 36

Постојните инспектори за заштита и спасување вработени во Дирекцијата, кои немаат статус на административни службеници, статусот на административни службеници го стекнуваат и се евидентираат во соодветна група и подгрупа согласно Законот за административни службеници.

Член 37

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 се врши дополнување на член 2 од Законот со воведување нова дефиниција за поимот „непосредна опасност“, со цел попрецизно утврдување на условите во кои постои реална и конкретна веројатност за настанување на штетен настан што може да ги загрози животот и здравјето на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина.

Со членот 2 се менува членот 29 од Законот и се предвидува можност, покрај Центарот за оспособување и обука при Дирекцијата за заштита и спасување, обуките да ги реализираат и правни лица кои ќе добијат овластување од Дирекцијата. Истовремено се уредуваат условите, постапката за издавање, обновување и одземање на овластувањето, како и надзорот над работата на овластените правни лица.

Со членот 3 се дополнува членот 42 со можност во силите за заштита и спасување, на доброволна основа, да учествуваат и работоспособни граѓани кои ги надминале старосните граници утврдени со законот, со што се овозможува пошироко вклучување на расположливите човечки ресурси.

Со членот 4 се проширува опфатот на активностите поврзани со заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства со додавање на активноста „чување“, со што се уредува можноста за нивно безбедно чување до моментот на нивното онеспособување и уништување кога тоа не може веднаш да се изврши. На овој начин се обезбедува поголема безбедност и целосно регулирање на постапувањето со ваквите средства.

Со членот 5 се дополнува членот 96 со што се овозможува, покрај припадниците на територијалните професионални противпожарни единици, во гаснењето на пожари и извршувањето на други задачи да учествуваат и привремено ангажирани лица со договор согласно закон.

Со членот 6 се дополнува членот 108 со нова одредба со која се утврдува дека во акции кои бараат итна интервенција републичките сили за заштита и спасување се ангажираат со одлука на директорот на Дирекцијата, со што се овозможува побрзо и поефикасно постапување во итни ситуации.

Со членот 7 се врши усогласување на одредбите кои се однесуваат на правата од работен однос на вработените во Дирекцијата, при што се брише упатувањето на генералниот инспектор и овластените службени лица од областа на безбедноста. Измената произлегува од новото уредување на статусот на инспекторите.

Со членот 8 се бришат одредбите кои се однесуваат на системот на бодови, платите и инспекцискиот додаток за овластените службени лица од областа на безбедноста – инспектори, како и други одредби кои повеќе не се применливи поради новото уредување на статусот на инспекторите согласно прописите од областа на инспекцискиот надзор.

Со членовите 9 и 10 се менуваат членовите 121 и 122 и се предвидува можност обуките од областа на заштитата и спасувањето, покрај Центарот за обука, да ги спроведуваат и овластени правни лица. Истовремено се уредуваат условите за добивање овластување, надзорот над нивната работа, начинот на спроведување на обуките и надоместоците за нивно реализирање.

Со членот 11 се менува членот 139-а и се уредува инспекцискиот надзор во

областа на заштитата и спасувањето кој го врши Дирекцијата преку инспектори за заштита и спасување организирани во посебна организациона единица. Исто така, се пропишува супсидијарна примена на Законот за инспекциски надзор за прашањата кои не се уредени со овој закон.

Со членовите 12 и 13 се бришат одредбите од членовите 139-б и 139-в заради усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 14 се пропишува дека инспекторот, покрај општите услови утврдени со Законот за административни службеници, треба да ги исполнува и посебните услови утврдени со Законот за инспекциски надзор, со цел обезбедување единствен пристап во однос на статусот и квалификациите на инспекторите.

Со членовите 15, 16, 17, 18, 19, 20, 22, 27, 28, 29, 30 и 31 се бришат одредби од законот бидејќи материјата што ја уредуваат е предмет на уредување со системските закони од областа на инспекцискиот надзор.

Со членот 21 се усогласува законот со Законот за инспекциски надзор при што се пропишува дека службеното својство на инспекторите се докажува со службена легитимација и значка кои ги издава директорот на Дирекцијата. Дополнително се уредува надлежноста на директорот да ги пропише нивната форма, содржина и начинот на издавање.

Со членот 23 се прецизира обврската на државните органи, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, здруженијата на граѓани, невладините организации, како и другите правни и физички лица да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор.

Со членот 24 терминолошки се усогласува законот со Законот за инспекциски надзор преку замена на терминот „решение“ со терминот „инспекциски акт“.

Со членот 25 детално се уредуваат мерките што инспекторот може да ги изрече кога постои непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето. Се предвидува можност за забрана на користење и запечатување на објект или дел од објект кога постојат сериозни ризици. Истовремено се прави разлика помеѓу непосредна опасност и други утврдени неправилности кои можат да доведат до опасност, при што во вториот случај се предвидува привремена забрана за вршење дејност без запечатување на објектот. Со тоа се обезбедува пропорционалност во примената на инспекциските мерки.

Со членот 26 се уредува постапката на запечатување и отпечатување на објектите. Се утврдуваат начинот на запечатување, обврските на субјектот на надзор, роковите за постапување на инспекторот и правните последици доколку инспекторот не постапи во законскиот рок, со цел обезбедување правна сигурност и ефикасност во спроведувањето на инспекциските мерки.

Со членовите 32, 33 и 34 се врши усогласување со Законот за прекршоците, при што се уредува надлежноста за водење прекршочна постапка и се бришат одредби кои повеќе не се усогласени со важечката прекршочна регулатива.

Со членот 35 се утврдува рок од пет месеци за донесување на подзаконскиот акт предвиден со овој закон, со цел навремено обезбедување услови за негова целосна примена.

Со членот 36 се уредува статусот на постојните инспектори за заштита и спасување вработени во Дирекцијата, така што тие стекнуваат статус на административни службеници и се евидентираат во соодветна група и подгрупа согласно Законот за административни службеници, со цел обезбедување континуитет во работењето и усогласување со новиот правен режим.

Со членот 37 се уредува влегувањето во сила на законот со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог-законот се зајакнуваат капацитетите за навремено и ефикасно справување со пожари преку воспоставување механизам за брза мобилизација и привремено ангажирање на дополнителни стручно оспособени лица во летниот период, кога поради зголемената појава на пожари на отворен простор редовно се јавува зголемен ризик и значително оптоварување на постојните ресурси и се врши усогласување на Законот за заштита и спасување со Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците, со цел обезбедување поголема правна усогласеност, функционалност и кохерентност на системот.

Предложените законски решенија имаат за цел за поголема подготвеност на институциите, правните лица и населението за справување со природни непогоди, техничко-технолошки несреќи и други опасности, што претставува директен придонес кон јакнењето на националната безбедност и отпорност на државата.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД**
**ЗАКОНОТ ЗАЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,**
**КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 2**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Природни непогоди” се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство;

2. ,,Други несреќи” се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер);

3. ,,Епидемии, епизоотии и епифитотии” се заразни болести кои доведуваат до интензивни и масовни појави на одредени заболувања кај луѓето, животните и растенијата;

4. “Заштита од природни непогоди и други несреќи” е преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина од последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

5. “Спасување” е преземање на конкретни мерки, активности и постапки за заштита на луѓето чиј живот или здравје се загрозени, на животните, растенијата, имотите и културното наследство од последиците на природни непогоди и други несреќи;

6. “Помош” е преземање на конкретни активности за одговор на природни непогоди и други несреќи од страна на стручни лица, тимови и спасувачки единици;

7. “Поддршка“ е преземање на одредени активности за логистичко обезбедување кои се во функција на заштитата и спасувањето од природни непогоди и од други несреќи, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одговорот на погодената заедница;

8. “Опасна материја” е секоја материја во тврда, гасовита или течна состојба (експлозивни материи и предмети, гасови, запаливи течности, запаливи цврсти материи, самозапаливи материи, материи што во допир со водата развиваат запаливи гасови, оксидирачки материи, органски пероксиди, отрови, заразни материи, радиоактивни материи, корозивни (нагризувачки) материи и други опасни материи и производи), која ќе продре во околината, непосредно ќе го загрози животот и/или здравјето на луѓето, животните и растенијата, ќе предизвика уништување или штета на имотот, материјалните добра, културното наследство и природните богатства;

9. “Опасност” е појава која ќе предизвика штета, уништи и/или загрози животот и здравјето на луѓето и имотот, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, културното наследство и животната

средина;

10. “Загрозеност” е вистинска или претпоставена изложеност на луѓето, животните, растенијата, имотот, материјалните добра, природните богатства, културното наследство и животната средина од природни непогоди и други несреќи;

11. “Степен на загрозеност” е очекуваниот обем на штета и другтите последици од природни непогоди и други несреќи;

12. “Криза“ е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката;

13. “Ризик“ е вројатност за настанување на загуби, повреди или штети од природни непогоди и од други несреќи, на кои би биле изложени граѓаните, природните богатства, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење;

14. “Изложеност“ е степен до кој граѓаните, природните богатства,растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметитеи објектите од особено културно и историско значење, се подложни на загуби,повреди или штети предизвикани од природните непогоди и од другите несреќи;

15. “Совладливост“ е степен до кој погодената заедница може да ги редуцира загубите, повредите и штетите од природни непогоди и од други несреќи;

16. “Штета” е непосредно уништување и оштетување од природни непогоди и други несреќи, како и трошоците за активностите и преземените мерки приотстранување и спречување на уништувањето и оштетувањето на имотот,материјалните добра, природните богатства, културното наследство и животната средина, растенијата, повреди на луѓето и животните;

17. “Основни услови за живот при природни непогоди и други несреќи” се итно здравствено згрижување на луѓето и животните, снабдување на загрозените со вода за пиење и храна, лекови и други основни животни потреби, одржување на хигиената, снабдување со енергија, обезбедување на неопходните сообраќајни врски и функционирање на комуналната инфраструктура, обезбедување и заштита на неопходната сточна храна, како и заштита на културното наследство;

18. “Активирање на учесниците во системот на заштитата и спасување” е преземање на постапки и активности со кои учесниците во заштитата и спасувањето организирано се вклучуваат во спроведувањето на заштитата и спасувањето;

19. “Организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи” се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва и другите правни лица кои навремено интервенираат во случај на опасност;

20. “Средства за заштита и спасување” се заштитна и спасувачка опрема и орудија (алат), објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита и спасување или е предвиден за таа цел;

21. “Средства за помош” се животните намирници, вода за пиење, облека,чевли, лекови и другите предмети, односно средства кои се наменети за бесплатно делење помош на загрозеното и погоденото население од природни непогоди и други несреќи, за олеснување на нивниот живот;

22. “Процена на загрозеност” е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за рано превентирање, можни ризици и опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, со предвидување на можни последици од истите, предложен степен на заштита од опасностите и предлог за превентивни и други мерки за заштита и спасување;

23. “Ублажување и спречување на настанувањето на природните непогоди и другите несреќи” е проектирање и примена на пропишаните мерки за заштита од пожари и сеизмички дејства на објекти во инвестициона градба и на објекти во употреба, преземање мерки за заштита од град, изградба на одбранбени насипи, регулирање на водотеците, уредување на шумите за заштита од пожари, пошумување на голини, изградба на акумулации за вода и преземање на други мерки пропишани со закон;

24. ”Откривање на настанувањето на природните непогоди и други несреќи” е спроведување на активностите за следење на состојбите во воздухот, почвата и водата и навремено информирање и

25. ”Отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи” е преземање на урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување.

26. “Градби и инсталации што содржат опасни сили“ се објекти и постројки со опасна моќ (брани, насипи, нуклеарки, објекти и постројки за производство на електрична енергија и друго) кои во случај на воена состојба се заштитени со женевските конвенции и дополнителните протоколи како цели на воено дејствување

27. “Цивилна заштита“ се сите субјекти кои учествуваат во заштитата и спасувањето во Републиката, организирани како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба и

28. „Специјални возила на силите за заштита и спасување“ се возила кои се користат од Дирекцијата за заштита и спасување и од единиците на локалната самоуправа во услови на мир и вонредна состојба.

**Член 29**

Во Дирекцијата се формира Центар за оспособување и обука.

Центарот за оспособување и обука реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на републичките сили за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето.

**Член 42**

Должност за учество во силите за заштита и спасување имаат работоспособните граѓани со навршени 18 години живот до наполнети 55 години живот за мажи, односно 50 години живот за жени.

Должноста на граѓаните за учество во заштитата и спасувањето се остварува во силите за заштита и спасување.

Од должноста за учество во заштитата и спасувањето се ослободуваат бремени жени, мајки и самохрани родители и старатели кои имаат или се грижат за дете до седум години, односно за две или повеќе деца до десет години.

Граѓаните се должни да се јавуваат на поканите за учество во заштитата и спасувањето кои им се доставени од надлежен орган.

Должност во заштитата и спасувањето имаат сите работоспособни граѓани.

**1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

**Член 80**

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување иуништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивнисредства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување ибезбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни идруги експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

**Член 96**

Постојаниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат вработените во Дирекцијата, тимовите и територијалните професионални противпожарни единици.

Резервниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат воените обврзници во резерва доколку не се ангажирани во Армијата на Република Македонија и граѓаните кои имаат должност за учество во силите за заштита и спасување.

**д) Употреба на силите за заштита и спасување**
**Член 108**

Во услови на природни непогоди и други несреќи, силите за заштита и спасување дејствуваат како единствен систем на заштитата и спасувањето.

Просторните сили за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, во услови на природни непогоди и други несреќи се употребуваат од страна на органот кој ги формира.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи се употребуваат од страна на општината во која се настанати природните непогоди и другите несреќи.

Во условите од ставот 3 на овој член кога не можат да се отстранат последиците од природните непогоди и другите несреќи, по барање од градоначалникот на општината во која тие се настанати, со одлука на директорот на Дирекцијата се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

Републичките сили за заштита и спасување можат да се употребуваат и за укажување помош во странство.

**Член 115-а**

Воздухопловниот персонал на Дирекцијата што го сочинуваат летачкиотперсонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, односноавиодиспечер, координатор на лет и пиротехничар вработен во Дирекцијатанемаат статус на државни службеници, имаат право на плата и додатоци на платасогласно со овој закон, Законот за работните односи, колективните договори идоговорот за вработување.

Генералниот инспектор овластените службени лица од областа на безбедностаи другите вработени во Дирекцијата што немаат стаус на државни службеницимаат право на плата и додатоци на плата согласно со овој закон, Законот заработните односи, колективните договори и договорот за вработување.

Платата на летачкиот персонал, воздухопловно-техничкиот и друг стручен персонал, пиротехничарите и вработените во Дирекцијата што немаат статус надржавни службеници е составена од:

- основна плата,
- дел од плата за работна успешност и
- додатоци на плата за посебни услови при работа.

**Член 115-б**

Основната плата се определува врз основа на видот, сложеноста, обемот иодговорноста за работите на работното место, стручната подготовка и стекнатите знаења и вештини.

Основната плата се утврдува така што износот на најниската плата се множи сокоефициентот на сложеност на работното место на кое работникот работи, спореддоговорот за вработување.

Коефициентот на сложеност на работните места се утврдува со колективендоговор на ниво на работодавач.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност се утврдува со колективнитедоговори на ниво на работодавач.

Најниската плата ја утврдуваат и објавуваат потписниците на колективниот договор на ниво на работодавач, со спогодба најмалку еднаш годишно.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи на Генерален инспектор се определени...............................................................................................42853 бода.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи на Помошник на Генерален инспектор се определени.................................................................................................3731 бода.

За вработените овластени службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи - Инспектор се определени ................ 2961 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал,воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал односно авиодиспечер и координатор распоредени на работи и задачи - Раководител на одделението за специјализирани услуги со воздухоплови се определени…………………....8366 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи – Заменик раководител на одделението за специјализирани услуги со воздухоплови се определени.................................................................................................7935 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Пилот во авио одделението се определени ...............................................................7281 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Координатор...............................................................................................5179 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи – Воздухопловно технички инженер - ИРЕ или АМС ........................................................5440 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи – Воздухопловен механичар-техничар по АМС...............................................................4200 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи – Воздухопловен механичар-техничар по ИРЕ…………………………………………………………......4200 бода.

За вработениот воздухопловен персонал што го сочинуваат летачкиот персонал, воздухопловно техничкиот и друг стручен персонал, односно авиодиспечер и координатор распореден на работи и задачи - Авио-диспечер- администратор ..........................................................................................3040 бода.

За вработените службени лица од областа на безбедноста и воздухопловнио персонал, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите, како и поради тежината на посебните услови под кои тие се извршуваат им се утврдува додаток на платата во висина од 20%.

За вработените службени лица од областа на безбедноста распоредени на работи и задачи Генерален инспектор, Помошник на Генерален инспектор и Инспектор, покрај додатокот на плата од ставот 17 на овој член, имаат и право на инспекциски додаток на плата во износ од 30% од основната плата согласно Законот за инспекциски надзор.

За пиротехничарите вработени во Дирекцијата, распоредени на работи и задачи - Раководител на одделение на пиротехничари и водител на тим................................ 3900 бода.

За пиротехничарите вработени во Дирекцијата, распоредени на работи и задачи- Пиротехничар...............................3450 бода.

За вработените помошно - технички лица, платата се утврдува според групи:
За вработените помошно - технички лица платата се утврдува според степенот на образование и сложеноста на работното место на следниот начин:

а) за лицата од ставот 1 на овој член степенот на образование се вреднува и тоа:

- I група 3 степен на образование .............1145 бода,
- II група 2 степен на образование ...........1035 бода,

б) за лицата од ставот 1 на овој член сложеноста на работното место се вреднува и тоа:

- административно - технички работи за кои е потребно завршен трет степен на стручна подготовка, односно тесно квалификувани и стручни профили со завршено образование за квалификувани работници .............................800 бода;
- помошни работи за кои е потребен втор степен на стручна подготовка (ПКВ), односно интерна преквалификација или дополнителни курсеви ...............700 бода.

Вредноста на бодот на платата за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухополовниот персонал, пиротехничарите и за помошно- техничките лица ја утврдува Владата на Република Македонија.

Додатоците на плата за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухополовниот персонал, пиротехничарите и за помошни-техничките лица од членот 115-а од овој закон се утврдуваат со посебен колективен договор на ниво на работодавач, согласно со Законот за работните односи.

На пиротехничарите вработени во Дирекцијата, поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите и поради изложеност на висок ризик по животот и здравјето, им се утврдува додаток на плата во висина од 35%.

**Член 121**

Обучувањето за заштитата и спасувањето опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука тренинг и вежби за стекнување неопходни стручни и други знаења за извршување на задачи во заштитата и спасувањето на припадниците на силите за заштита и спасување.

Во Центарот за обука се врши оспособување за основна, дополнителна и специјализирана обука тренинг и вежби на припадниците на силите за заштита и спасување, врз основа на наставни планови и програми.

Содржината и начинот на спроведувањето на обучувањето за заштита и спасување се врши според наставни планови и програми за обучување за заштита и спасување што ги донесува директорот на Дирекцијата.

**Член 122**

Обучувањето на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука.

Обучувањето на раководниот и командниот кадар од просторните сили за заштита и спасување што ги формира општината го организира и спроведува Дирекцијата во Центарот за обука на товар на општината.

Обучувањето на просторните сили за заштита и спасување во правните субјекти го организира и спроведува органот кој ги формира.

Обучување на просторните сили за заштита и спасување со специјализирана обука може да се врши и во Центарот за обука на товар на оној што ги формира.

**Член 139-а**

Во постапката за вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**Член 139-б**

При вршењето на инспекцискиот надзор, во согласност со закон, инспекторот има обврска да:

1) постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;

2) го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот;

3) се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;

4) состави записник за извршениот инспекциски надзор;

5) ја чува тајноста на класифицираните информации;

6) постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на инспекциската служба и

7) го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор.

**Член 139-в**

Во согласност со закон, заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување;

2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот и

3) да му поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Член 140**

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат генералниот инспектор за заштита и спасување (во натомошниот текст: генералниот инспектор), помошници на генералниот инспектор и инспектори за заштита и спасување (во натамошниот текст: инспектори), кои се овластени службени лица во областа на безбедноста.

Лицата од ставот 1 на овој член, поради видот, природата, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење, се со посебни овластувања и должности, утврдени со овој закон.

Инспектор за заштита и спасување може да биде лице со најмалку завршен VII/1 степен на образование од следните области машинство или индустриско инженерство и менаџмент, воено технички науки, правни науки, одбрана, физика, технологија на прехранбени производи, хемиска технологија, сообраќај и транспорт, економски науки, текстилна технологија, електротехника, компјутерска техника и информатика, машинство, географија, градежништво и водостопанство и други технички науки, или ниво на квалификации VI А, според Националната рамка на високо-образовните квалификации, со најмалку шест години работно искуство во заштита и спасување од кои најмалку две години во државна служба или стекнати 180 до 300 кредити спопрд ЕКТС.

**Член 140-а**

Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот за заштита и спасување утврди дека по прв пат е сторен прекршок од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на неправилноста во рок од осум дена од приемот на записникот и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Едукацијата ја организира и спроведува Дирекцијата во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон над кој се спроведува едукацијата не се јават на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 75 ставови 1 и 2 и 79 став 1 на овој закон над кој се спроведува едукацијата се јават на закажаната едукација и истата ја завршат ќе се смета дека се едуцирани по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот за заштита и спасување при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот за заштита и спасување при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

Дирекцијата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од директорот на Дирекцијата.

**Член 140-б**

Дирекцијата за извршените инспекциски надзори изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на интернет страницата на Дирекцијата, на унифициран квартален преглед.

**Член 140-в**

За овластените службени лица во областа на безбедноста-инспектори се утврдени следниве категории:

- Категорија Б - раководни овластените службени лица во областа на безбедноста – инспектори и
- Категорија В - стручни овластените службени лица во областа на безбедноста – инспектори.

**Член 140-г**

Категоријата Б ги опфаќа раководните овластени службени лица со надлежност на цела територија на Република Македонија и во истата се утврдуваат две нивоа:

- Ниво Б1 - Генерален инспектор и
- Ниво Б2 - Помошник на генералниот инспектор.

Вработените од ставот 1 алинеите 1 и 2 на овој член, покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени согласно со закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) Работно искуство и тоа:

- за Ниво Б1 - најмалку осум години работно искуство во заштитата и спасувањето од кои најмалку три години во спроведување на надзорот од областа на заштитата и спасувањето;
- за Ниво Б2 - најмалку шест години работно искуство во заштитата и спасувањето од кои најмалку две години во спроведување на надзорот од областа на заштитата и спасувањето;

б) други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

**Член 140-д**

Категоријата В ги опфаќа стручните овластени службени лица со надлежност

на цела територија на Република Македонија и во истата е утврдено Ниво В1 - инспектор.

Овластените службени лица од ставот 1 на овој член, покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени согласно со закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) Најмалку шест години работно искуство во заштитата и спасувањето;

б) Други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

**Член 141**

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите се овластени:

- да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата,

- да го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот наврешењето на инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

- да состави записник за извршениот инспекциски надзор,

- да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор,

- да остваруваат увид во спроведувањето на овој закон и другите прописи од заштитата и спасувањето ;

- да вршат надзор над објекти и простории на државни органи, органите на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби, верски објекти, градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, градби со станбено-деловна намена, правни лица, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации и физички лица за спроведување на мерките за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,

- да вршат надзор над субјекти чија дејност е производство, складирање, промет и употреба на опасни материи,

- да вршат надзор над субјекти чија дејност е производство, складирање, промет и употреба на експлозивни материи,

- да вршат надзор врз оперативните активности за гасење на пожар на отворен и затворен простор,

- да вршат надзор над оперативното работење на територијалните противпожарни единици,

- да учествуваат во увид од настанат пожар, поплава, техничко-технолошки несреќи и друго,

- да учествуваат во технички прием на новоизградени објекти како и на објекти на кои се врши реконструкција или пренамена за примена на мерките за заштита и спасување,

- учествуваат во постапки со неексплодирани убојни и други експлозивни средства

- да вршат утврдување на идентитет на лица, при вршење на надзорот или при вршење на увид на настанати пожари, поплави и други несреќи согласно со овој закон,

- да вршат пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време во случај на опасност, загрозеност, криза и ризик при природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба,

- да поведуваат барање за сторени прекршоци до надлежен орган, согласно со закон,

- да вршат привремено одземање на предмети и документи кои можат во прекршочна или кривична постапка да послужат како доказ, согласно со овој закон,

- да вршат обезбедување на примероци од ракопис и потпис поради утврдување на факти со кои се потврдува автентичноста и потеклото на документите согласно со овој и друг закон,

- да употребуваат техничка опрема при вршење на надзорот,

- да вршат надзор врз оперативните активност при спроведување на мерката евакуација на населението и негово згрижување,

- да вршат надзор на оперативните активности и постапки при извршување на мобилизацијата на силите за заштита и спасување.

- да предложат мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во определен рок.

При вршењето на надзорот инспекторот е должен да дава помош во спроведувањето на законите и другите прописи од областа на заштитата и спасувањето.

**Член 141-а**

Службеното својство на инспекторот се докажува со легитимација која ја издава и одзема директорот на Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува образецот, формата и содржината на легитимацијата , како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

При вршење надзор инспекторот е должен да се легитимира.

**Член 141-б**

Поради видот, природата и сложеноста на инспекциските работи, како и поради тежината на работите инспекторите се со посебни овластувања и должности.

**Член 141-в**

Заради вршење на инспекцискиот надзор, физичките лица и правните субјекти се должни да овозможат непречено вршење на надзор од областа на заштитата и спасувањето.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите имаат право на пристап и увид секаде каде што сметаат дека е неопходно , во секое време и без најава, на деловни простории и простор, средства, направи, уреди и инсталации во јавна и приватна сопственост и имаат право да ја разгледаат пропишаната документација на правното, односно физичкото лице која се однесува на заштитата и спасувањето.

За вршење на работите од ставот 2 на овој член во станбени простории, инспекторите мораат да обезбедат судска одлука.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите можат да побарат присуство на полициски службеник, заради негова заштита.

Информациите што инспекторот ќе ги дознае при инспекцискиот надзор, а се класифицирани информации, инспекторот со нив ќе постапи согласно со прописите за класифицирани информации.

Инспекторот е должен да ја чува тајноста на изворот на информациите, како и на пријавата врз основа на кои го спроведува инспекцискиот надзор.

**Член 141-г**

Ако инспекторот утврди дека во употреба се наоѓаат уреди, направи, технички средства, инсталации и средства за заштита и спасување кои не одговараат на важечките стандарди со решение ќе нареди забрана на нивна употреба и нивно отстранување.

**Член 141-д**

Ако инспекторот при вршење на надзор утврди дека постои непосредна опасност од:

- уривање на објекти;
- настанување на пожари и ексползии;

- отежната евакуација на загрозени лица;
- оневозможување на ефикасна интервенција на тимовите и
- други опасности,

со решение ќе нареди забрана на користење на објектот или на дел од објектот.

**Член 141-ѓ**

Заради извршување на решението од членовите 141-г и 141-д на овој закон, инспекторот ќе изврши запечатување на објект или на дел од објект.

Запечатувањето од ставот 1 на овој член се врши со жиг на Дирекцијата.

Содржината и формата на жигот, како и начинот на запечатување ги пропишува директорот на Дирекцијата.

По отстранување на утврдените недостатоци поради кои е изречена мерката запечатување, а по писмено брање на физичкото или правното лице, инспекторот е должен да излезе на лице место, да ја утврди фактичката состојба и доколку се отстранети утврдените недостатоци ќе изврши отпечатување.

**Член 141-е**

Во вршење на надзор на спроведување на прописите од областа на заштитата и спасувањето, инспекторите соработуваат со други инспекциски органи.

Кога инспекторот при вршење на надзорот утврди повреда на прописите во надлежност на друг инспекциски орган, за тоа ќе го извести истиот.

**Член 141-ж**

Против решението од членовите 141-г и 141-д на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од приемот на решението. По жалбата одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Член 141-з**

Прекршочната комисија од членот 155-а на овој закон е должна веднаш, а најдоцна во рок до пет дена од денот на поднесувањето да ги земе на разгледување барањата на инспекторите за заштита и спасување.

**Член 141-ѕ**

Овластените службени лица во областа на безбедноста - инспектори носат и поседуваат службени униформи и обележја.

Изгледот, обележјата и видот на службените униформи ги пропишува директорот.

**Член 142**

За извршениот инспекциски надзор, инспекторите се должни да состават записник кој ќе му го предадат на одговорното лице каде што е вршен инспекцискиот надзор и на генералниот инспектор за заштита и спасување.

Во записникот се внесува констатираната состојба и предложените мерки и рокови за отстранување на недостатоците и неправилностите. Одговорното лице од ставот 1 на овој член, е должно да постапи според записникот и да го извести инспекторот за преземените мерки.

Ако при вршењето на надзорот, инспекторот смета дека повредата на прописите претставува прекршок или кривично дело, должен е до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за покренување на соодветна постапка.

Директорот на Дирекцијата донесува годишна програма за работа на Генералниот инспектор најдоцна до 31 јануари за тековната година.

**Член 154-а**

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Дирекцијата, доколку не постапи согласно со членот 70 став 2 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член одлучува прекршочниот орган на Дирекцијата.

**Член 155-а**

За прекршоците утврдени во членовите 151, 152, 153, 154 и 155 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Дирекцијата (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

Прекршочна постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од страна на директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија е составена од претседател и два члена. Претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од пет години во својата област, а членовите се со високо образование и работно искуство од пет години во својата област.

Прекршочната комисија се избира на секои три години.

Покрај членовите на Прекршочната комисија директорот на Дирекцијата може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за комисијата и заменик претседател и заменици членови кои по исклучок учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некои од членовите.

Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

Против решението на прекршочниот орган од ставот 1 на овој член со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

**Член 155-б**

Директорот на Дирекцијата може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци за одделни области и/или за одделни подрачја од Република Македонија.

Претседател, односно член на Прекршочната комисија може да се разреши:

- со истекот на времето за кое е именуван,
- по негово барање,
- со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон,
- ако му се утврди трајна неспособност,
- ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука,
- ако не ги исполнува обрските кои произлегуваат од работењето во прекршочната комисија и
- ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

Предлог за разрешување на претседател и заменик претседател на комисија за случаите од ставот 2 алинеи 3 до 8 на овој член поднесува директорот на Дирекцијата.

Предлог за разрешување на член и заменик член на комисија за случаите од ставот 2 алинеи 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до директорот на Дирекцијата.

Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Претседателот и членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Прекршочниот орган води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од директорот на Дирекцијата.